Врз основа на член 123 став (1) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124 /19 и 155/25), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

## Член 1

Во Правилникот за лиценца за вршење на геодетски работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/13, 29/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.313/20, 69/21, 273/23 и 104/24), во членот 19, во ставот (3) по точката се додава нова реченица која гласи: „Во случај на утврдени неправилности во примена на член 110 став (1) алинеја 6 од Законот, а во насока на докажување дали во моментот на изготвување на геодетскиот елаборат била сторена неправилноста, се приложуваат и други докази (премер, теренска скица, фотографии и друго) кои се составен дел на записникот и врз основа на истите се цени дали во времето на изготвување на геодетскиот елаборат од извршен премер, прикажаната фактичката состојба соодветствува со фактичката состојба утврдена на денот на извршената контрола, од што се констатира дали е сторен прекршокот. Во записникот се наведуваат и олеснувачките, односно отежнувачките околности, доколку ги има.

По ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6) кои гласат:

„(4) Во зависност од утврдената фактичката состојба и утврдените неправилности пропишани согласно закон, како и од оценката на олеснувачките или отежнувачките околности, овластеното службено лице ја одмерува прекршочната санкција согласно закон (опомена или глоба), односно до Комората доставува предлог за одземање на лиценцата на друштвото. Како олеснувачки околности се сметаат: неисполнување на пропишаната обврска или со прекршокот е нанесена штета, а сторителот пред донесувањето на одлуката за прекршок ја исполнил пропишаната обврска, односно ја отстранил или ја надоместил нанесената штета или ако прекршокот е сторен за прв пат и не предизвикал штетни последици за трето лице, ниту пак бил загрозен јавниот интерес.

(5) Во случај на утврдени олеснувачки околности, овластеното службено лице доставува предлог за опомена како прекршочна санкција до прекршочната комисија, а во случај кога се изрекува глоба како прекршочна санкција согласно закон, овластеното службено лице ја одмерува висината на глобата согласно Законот за прекршоци, поведува постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, односно прекршочна постапка до надлежен орган. Овластеното службено лице до Комората доставува предлог за одземање на лиценцата на друштвото.

(6) Прекршочна комисија, како прекршочен орган на Агенцијата, изрекува прекршочна санкција – опомена согласно Закон за прекршоците, за сторен прекршок пропишан во Законот за катастар на недвижности, ако прекршокот се состои од неисполнување на пропишаната обврска или со прекршокот е нанесена штета, а сторителот пред донесувањето на одлуката за прекршок ја исполнил пропишаната обврска, односно ја отстранил или ја надоместил нанесената штета или ако прекршокот е сторен за прв пат и не предизвикал штетни последици за трето лице, ниту пак бил загрозен јавниот интерес.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0101-3837/1
28 март 2025 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Миладин Наумоски, с.р.